НСДП

НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА

ИЗБОРНА ПРОГРАМА НА

# НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА

ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2009

# СОДРЖИНА

ИЗБОРНА ПРОГРАМА НА
**НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА**
ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2009 .......... 5

ЈАКНЕЊЕ НА ДЕМОКРАТСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ОПШТИНИТЕ .......... 8

Е-ОПШТИНА .......... 11

ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ .......... 13

РУРАЛЕН РАЗВОЈ .......... 17

УРБАНИЗАМ .......... 19

КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ .......... 21

ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА .......... 22

ОБРАЗОВАНИЕ .......... 24

КУЛТУРА .......... 26

СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И УСЛУГИ .......... 28

ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И УСЛУГИ .......... 30

МЛАДИ И НЕВЛАДИН СЕКТОР .......... 31

СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА .......... 32

# ИЗБОРНА ПРОГРАМА НА **НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА** ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2009

Почитувани граѓани!

Ја бараме Вашата доверба со програмски визии и кандидати за градоначалници и советници, позади кои стојат чесни, стручни и вредни луѓе кои живеат од сопствениот труд, знаење и способности, кои ја ценат силата на вистината, правдата, демократијата и другите трајни човечки вредности, луѓе кои се способни развојот на локалната самоуправа да го поврзат со нејзината суштинска цел и да ја поведат на патотот на модерните европски локални самоуправи.

Со довербата на граѓаните ќе внесеме нов импулс на социјалдемократската идеја и стремежот на луѓето да партиципираат и самостојно да управуваат со работите на својата заедници. Способни сме да поставиме современи стандарди во функционирањето на локалната самоуправа во Република Македонија.

Преку учеството во локалната политика, како процес, и локалната власт, како институционализиран облик на самовладеење на граѓаните, НСДП ќе промовира вредности и алтернативи кои нудат усогласување на социјалниот и економскиот развој на општините, силно промовирајќи ги целите на различните социјални групи, истовремено штитејќи ги интересите на маргинализираните припадници на локалните заедници.

Во нашите погледи за локалната самоуправа се водиме од современиот европски концепт на локална самоуправа произлезен од принципите утврдени во Европската повелба за локална самоуправа, во која учеството на граѓаните во водењето на јавните работи е демократски принцип и индикатор на степенот на демократизација на политичкиот систем. Во согласност со ова, локалната самоуправа ја сфаќаме како институција која треба да се стекне со неопходната ефикасност и блискост до граѓаните, со политички легитимитет и капацитет донесување на одлуки кои на вистински начин ги третираат локалните потреби и прашања.

Нашата примарна цел е зајакнување на општината преку почитување на начелата на демократија и децентрализација, со право и способност да ги уре-

дува и да раководи со локалните јавни работи, одговорно и во интерес на локалното население, односно креирање на услови во кои локалните власти, преку своите демократски избрани органи и ефикасна и одговорна управа, ќе ја доближат општината до граѓаните, а со својата автономија и финансиска сигурност ќе овозможат брзо и квалитетно разрешување на секојдневните проблеми поврзани со животот на граѓаните во локалната заедница.

НСДП, преку своите градоначалници и советници, целосно, со политичка и морална одговорност, ќе ја почитува автономноста на локалната самоуправа и интересите на граѓаните во одлучувањето за прашањата и проблемите од локално значење, а поврзани со јавните служби, урбанизмот и руралното планирање, заштитата на животната средина, локалниот економски развој, локалното финансирање, комуналните дејности, образованието, културата, спортот, здравствената заштита, социјалната грижа и детската заштита и во другите законски утврдени области.

Во општините ќе промовираме ***персонална самостојност*** (правото на општините да го избираат, поставуваат и унапредуваат својот административен кадар), ***организациска самостојност*** (правото да ја обликуваат локалната управна организација), ***самостојност во планирањето*** (можноста на општините со сопствена одговорност да донесуваат урбанистички планови за уредување и обликување на општинското подрачје), ***самостојност во правната регулатива*** (правото на донесување на општински статути и други правни акти), како и ***финансиска самостојност*** (правото на општините со сопствена одговорност да одлучуваат за приходите и расходите, согласно постојната законска регулатива).

Сите градоначалници и советници од редовите на НСДП, кои ќе ја добијат довербата на граѓаните да раководат со општините и да учествуваат во работата на советите, во своето работење ќе се раководат од моралната обврска да ги балансираат желбите и барањата на граѓаните и реалните можности, промовирајќи систем на модерни методи за подобрување на општинското раководење и создавање на ***цврста и одговорна локална самоуправа***.

***Препознавањето на социјалната димензија во градењето и спроведувањето на локалните развојни политики***, како политичка партија од новата социјалдемократска провиненција, е наша морална и политичка обврска. Нашето внимание, меѓу другото, ќе биде фокусирано на јакнење на функциите на социјалната заштита на локалната самоуправа, итеграцијата на маргинализираните и малцински групи преку овозможување на учеството во јавниот живот на локалната зедница, како и промовирањето на социјален мир. Големата невработеност, исклученоста на поедини групи од системот на здравствената и социјалната заштита, како и од образовниот систем, ќе биде приоритет на нашата посветеност за надминување на натрупаните проблеми во социјалниот сектор.

Со цел ***навремено пресретнување(превенирање) на проблемите и нивно навремено идентификување и решавање***, НСДП ќе се ангажира органите на локалната самоуправа континуирано да подготуваат анализи на состојбите во општината, да изготвуваат нацрт-планови и да преземаат соодветни мерки за превенција. Во оваа насока, ќе вложиме политичка енергија за зацврсту-

вање на врските помеѓу органите на локалната самоуправа, локалните интересни организации и граѓаните, во превенирањето и решавањето на проблемите од локален карактер.

Ќе развиваме социјално одговорна и рационална локална самоуправа, која ќе прерасне во заедница на социјална правда, во која на граѓаните, покрај политичките, ќе им се овозможат услови за остварување и на социјалните и економските права, како што се правото на работа, здравствено и социјално осигурување и згрижување. Во секоја општина ќе создаваме можности секој граѓанин да живее слободен живот, во слобода да ја развива својата личност, да ужива во материјалната сигурност на достоинствен човек и да има пристап до јавните добра. НСДП има за цел да обезбеди локален економски развој кој ќе ја елиминира сиромаштијата. Социјална политика која овозможува социјална сигурност и праведност, политика која ги елимиира нееднаквостите во локалната зедница, ги спречува привилегиите и ги штити сите загрозени категории на население, ги уважува принципот на солидарност. Создавање на услови во кои здравите и работоспособни граѓани ќе бидат во можност со работа и активност да ја обезбедуваат својата егзистенција. Тоа се дел од социјалните димензии на нашите социјалдемократски политички цели на локално ниво.

# ЈАКНЕЊЕ НА ДЕМОКРАТСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ОПШТИНИТЕ

Постапката на донесување на политички одлуки во општините треба да бидат отворени за учество на граѓаните, и затоа локалните власти треба да обезбедат услови за континуирано вклучување на граѓаните во дискусиите за јавните прашања од локално значење, отворајќи ги на тој начин можностите за активно граѓанство и зедничко учење преку дебати, како и за реализација на демократските принципи во практиката. Активното учество на граѓаните во локалните политички процеси го препознаваме како неопходен предуслов за подготвување на високо квалитетни локални развојни проекти и нивна успешна реализација.

Градоначалниците и советниците од НСДП, ќе промовирааат и развиваат разни форми на јавно учество на граѓание во активностите на локалната зедница, вклучувајќи го и ***зајакнувањето на статусот на месните заедници*** во општинските процеси, како што се: граѓански петиции и иницијативи, претставки и предлози, јавни трибини, локални референдуми, информативни активности преку локалните медиуми, центри за граѓански прашања и учество во работата на советите.

Придобивките од јавните форуми како метод за вклучување на граѓаните се повеќекратни, бидејќи тие го подобруваат процесот на одлучување, овозможуваат добивање информации за разни прашања и проблеми и ги прават граѓаните повеќе подготвени да прифатат одредени одлуки, го подобруваат разбирањето помеѓу претставниците на локалните власти и граѓаните, создаваат имиџ на локалните власти како отворени и достапни, притоа помагајќи им на избраните и именуваните претставници во органите на локалната самоуправа полесно да ги препознаваат локалните приоритети.

Во јакнењето на општинските политички капацитети и локалната демократија нашата примарна цел е ***отворање на локалната администрација кон граѓаните***: секогаш и во секоја прилика да ги ислушаат граѓаните; да бидат љубезни и ефикасни при приемот или упатувањето на иницијативи, предлози, жалби, приговори, прашања, пораки и други предлози на граѓаните; да го забележат секој предлог даден од граѓанин, а кој се однесува на работата на органите на општината; да бидат посебно внимателни во нивните комуникации со лицата со посебни потреби. Надополнето со воведувањето на механизми со кои ќе се проценува успешноста на комуникацијата со граѓаните, како што се локални анкети на јавното мислење, анализирање на извадоци од печатот поврзани со локаланта самоуправа и жалбите поднесени од граѓаните.

*НСДП ги промовира следниве начелни принципи и насоки со кои во своето работење ќе се раководат избраните локални функционери*:

- Бројната и активна вклученост на граѓаните е важна за иднината на локалната зедница.

- Планирање на процесот на донесување на политички одлуки да има простор за различни форми за граѓанско учество(на поединци и на различни организации).
- Обезбедување можност и за граѓаните да бидат вклучени во процесот на развојот на политиката, планирањето и развивањето на проектите, и тоа уште од самиот почеток.
- Почитување и во најголема можна мерка земање во предвид на интересите на граѓаните и благовремено одговарање на нивните перспективи и сфаќања.
- Воспоставување систем на континуирано следење и утврдување на потребите и очекувањата на граѓаните и нивно дефинирање и документирање.
- Извршување советодавни процеси според демократските принципи, при што граѓаните ќе имаат можност да учествуваат рамноправно, да се сослушуваат нивните аргументи и да се земаат предвид при формирање на одлуките.
- Обезбедување обука за функционерите и стручниот персонал на локалнита самоуправа во областа на граѓанското учество, со цел да се развие култура на организациско учество и поединечен позитивен став кон граѓанското учество;
- Создавање публицитет за успешните случаи на граѓанско учество за да се мотивираат другите да ги следат примерите.
- Постојано да се бараат и охрабруваат нови форми на граѓанско учество.
- Иницирање на референдумски изјаснувања за прашања кои се од голема важност за локалната заедница.
- Воспоставување систем за периодично оценување на квалитетот на управувањето со локалната самоуправа, во кој ќе се вклучат и граѓаните.

***Инвестирањето во обуката*** на локалната администрација ќе добие високо место во политичките агенди на нашите градоначалници и советници, бидејќи развојот на општините зависи од креативното, ефикасно и долготрајно стекнување, проширување и користење на знаењето. Покрај другото, на тој начин ќе се внесе динамика во администрацијата и ќе се збогатува со нови вештини и одлуки, особено во состојби на притисок под локалните проблеми на граѓаните. Промовираме *кадровска политика втемелена на методи на управување со човечки ресурси врз основа на стручност, компетентност и строга селекција, а не партиска припадност.*

Искуството од другите држави, кои се вклучени во европските интегративни процеси, покажува дека во локалната администрација на големите градови или општини е препорачливо да се формираат тимови на т.н. ***„службени-***

***ци за ЕУ“***, кои во својот делокруг би се занимавале исклучиво со прашања поврзани со Европската унија. Уважувајќи ги овие искуства, ќе подготвиме припремни проекти кои општинските админнистрации би ги спровеле за полесно вклучување во процесот на европските интеграции, како што се:

- Спроведување на програми за обука на вработени со цел запознавање со принципите на функционирањето на ЕУ.
- Запознавање  со правните инстурменти кои се дел од европската регулатива, структурните и кохезионите фондови на ЕУ, како и со комплексниот систем на одлучување во ЕУ.
- Спроведување на проектна едукација во општинската администрација за процедурите и принципите за аплицирање за средства од фондовите во ЕУ.
- Подобрување на квалитетот во познавањето на странски јазици и информатичката писменост во општините.

Во делот на финасиското работење на локалната самоуправа, НСДП ќе се бори за обезбедување на континуитет во извршувањето на општинските задачи преку ***транспарентно финасиско планирање***, како инструмент за финансиско-политичкот развој на општините, ***за период од четири години***. Принципот на штедливост и економичност во буџетските активности, развивањето на инвестициско-развојната компонента на општинките буџети и прецизното пресметување и грижливо проценување на сите ставки од локалните буџети (попрезицно регистрирање на сите приходи и расходи во буџетот), имаат приоритетно значење за НСДП во финансиското (буџетско) менаџирање со локалната самоуправа.

# Е-ОПШТИНА

Развојот на информатичките технологии и на другите комуникациски средства, како и интернетот, радикално ја трансформираа целокупната „архитектурата" на политичкиот простор, предизвикувајќи промени и во контекстот на локалното владеење, дозволувајќи им на граѓаните во изразувањето на заедничките интереси, побрзо и поефикасно да се организаираат.

Во своите намери за доближување на локалните политички институции до граѓаните, истовремено и како модерна политичка партија, изградена на темелите на новата европска социјалдемократија, ги препознаваме потенцијалите на компјутерски посредуваната комуникација, во локалната заедница, за зголемување на иницијативноста од страна на граѓаните, зголемување на моќта на локалното јавно мислење, како и на транспарентоста и одговорноста на локалните власти.

Со промовирањето на употребата на информациските и комуникациски технологии од страна на локалната самоуправа и целосното заживување на концептот на е-општина, како програмско решение за олеснување на работењето и управувањето во општините, сакаме да постигниме:

- *проширување на политичката партиципација на граѓаните* и нивно директно вклучување во креирањето и спроведувањето на јавните политики;
- *подобрени политички одлуки на општините*;
- *поголема граѓанска доверба*;
- *поголема одговорност на локалните власти и нивна поголема способност да се приспособуваат на јавниот интерес и волја*;
- *рационализација и поедноставување на работата на локалните институции*;
- *побрз пристап до саканите информации*;
- *трансферирање на системски знаења за ЕУ и можностите за финасирање од ЕУ фондовите*;
- *олеснување на управувањето со документи*;
- *олеснување на управувањето со процесите*;
- *олеснување со управувањето и реализацијата на проектите*;
- *овозможување на следење на развојните мерки*;
- *овозможување на следење на проектите*;
- *создавање на систем за трансфер и архивирање на интерно и екстер-*

*но достапни знаења;*

- *олеснување на управувањето со човечките ресурси;*
- *унапредување на имиџот на општината.*

Нашата визија за е-општина (електронска општина) помеѓу другото е фокусирана на промовирање на ***интернет портали*** *(веб страници),* од страна на општините, со детален преглед на информации врзани за самата општина и нејзиното секојдневно работење; од развојните мерки, преку календари, пристап до прилагодени обрасци за разни дописи, па сѐ до податоци, документи, одлуки, записници и други општински акти насочени кон граѓаните (пристап преку интернет до електронска форма на документи, дозволи, пријави за данок, барање и примање на потврди и решенија, и сл.) и бизнисот (пристап преку интернет до електронски податоци, дозволи, документи, пријави за данок, разни обрасци и биланси и сл.).

Покрај поедноставен пристап до информации и услуги кои ги пружаат органите на локалната смаоуправа, е-општината отвора простор и за искористување на информациските и комуникациските технологии во зајакнување на непосредното учество на граѓаните во одлучувањата за прашањата од локално значење. Ние ќе промовираме *воведување на електронски механизами за референдумско изјаснување на граѓаните за проектите и политиките кои произлегуваат од локалните органи на власта,* а непосредно се одразуваат на квалитетот на животот во локалната заедница(електронски референдуми за урбанистички планови, за различни развојни проекти од сите области на локалното живеење – комунални дејности, култура, образование, просторно планирање, рурален развој и сл.). Потенцијалите на е-општината не завршуваат овде, туку во себе вклучуваат и можности, кои ќе ги искористиме, за едуцирање на граѓаните за прашања од локалната јавна политика, за меѓусебно комуницирање и размена на ставови, мислења и идеи помеѓу носителите на власта и граѓаните, како и за електронско покренување на граѓански инцијативи за донесување на одредени акти, програми, проекти или за решавање на одредени проблеми.

# ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Локалниот економски развој единствено може да се оствари преку задоволување на нараснатите потреби на населението и бизнис заедниците, намалување на сиромаштијата и зголемување на квалитетот на животот на сите граѓани, и тоа преку системски пристап: преку проектирање на идниот стопански развој на општините, изградба на позитивна локална бизнис-клима, зголемување на локалните економски капацитети и продуктивност, подобрување на условите за инвестирање и конкурентност на стопанските субјекти, претпријатијата и работниците.

НСДП ќе се заложи за усвојување на ***Стратегија за локален економски развој*** во сите општини, која процесот на локалниот економски развој ќе го стави во една поширока формална рамка. Самата стратегија ќе се заснова на интегриран пристап кој вклучува економски, социјални, како и прашања поврзани со зачувување на квалитетот на животната средина, која истовремено ќе ги вклучи сите заинтересирани страни (локалната бизнис-заедница, граѓаните, невладините организации) во процесот на формулирањето на истата.

На основа на стратегиите за локален економски разовој ќе покренеме иницијатива за донесување на ***Програма за развој на малото стопанство за период од 4 години***, со што би се создало опкружување кое поволно ќе делува на создавање на нови и разојот на постојните мали стопански субјекти во општината, отворањето на нови работни места, зголемувањето на квалитетот и конкурентноста на општинската економија.

**Нашето внимание ќе го насочиме кон:**

***Локалните бизниси и нивните асоцијаци.*** Водењето сметка за ставовите на локалните бизниси е неопходно имајќи, го предвид нивното значење во локалниот економски развој. Формално организирани или не, бизнисите мора да претставуваат значаен партнер во подготовките и реализцаија на локалните развојни програми и стратегии. Зголемувањето на економските активности на локалните бизниси има позитивни рефлексии врз животниот стандард на населението, главно, со придонесот за зголемување на локалната вработеност и личните приходи на граѓаните во општината. Позитивните ефекти од зголемените бизнис активности се сретнуваат и во локалните фискални ресурси, со што се отвораат нови ресурси за вложувања во инфраструктурата и во други развојни проекти.

***Развој на малите и средни претпријатија.*** Малите и средните претпријатија се еден од столбовите, не само на националната економија на Република Македонија, туку тие се и главни придвижувачи на локалниот општествено-економски прогрес, кои придонесуваат за динамично зголемување на вработеноста, техничко-технолошкиот развој, пораст на извозот и консолидација на општинскиот развој.

Како дел од поддршката на развојот на малите и средни претпријатија и претприемништвото, ***кредитирањето на субјектите од малото и средното стопанство*** под поволни услови, е многу важна поттикнувачка мерка за малото стопанстово и за тоа мора да се пронајдат средства од општинскиот буџет, согласно постојната законска регулатива. Со поволното кредитирање на малото стопанство на субјектите од овој сектор би им се овозможил пристап до поволни финансиски средства и би бил поттикнуван стопанскиот развој на општините. Овие кредити би можеле да се користат како основни средства, обртни средства во функција на инвестиции, средства за унапредување на работењето и рефинансирање на постојните неповолни кредити или за рефундирање на порано вложени средства користени за слични намени. Кредити не би можеле да се добијат за купување на акции, удели во стопански друштва и финансирање на еколошки неприфатливи проекти.

***Поддршка на локалните бизниси*** преку *одржување на редовни контакти со локалната бизнис-заедница* (преку градење партнерски однос, локалните власти би имале подобар увид во проблемите и потребите на бизнис-заедницата); *обезбедување на земјиште, деловни простории* (неупотребувани индустриски објекти, складишта; цените на земјиштето или на деловните простории може да бидат силна алатка во рацете на локалната власт за охрабрување и привлекување на нови бизниси); *помагање на бизнисите во добивање на дозволи или лиценци* (цената на дозволите или лиценците, како и времето потребно да се добијат, може да биде одлучувачки во привлекувањето на бизнисите – нивното олеснување е одлучувачко во привлекувањето на вложувањата); *совети и помош за финасиски прашања од страна на локалните власти за бизнис интересите*; техничка помош (разни специјализирани програми за обука); *привлекување на надворешни инвестиции* (зголемување на атрактивноста на локациите преку вложувања во инфраструктурата); *поддршка на формални/неформални мрежи на бизнис*; *подигнување на претприемничката свест* (воведување на локални јавни награди за претприемништво); *инвестирања во физичката инфраструктура*: развивање, подобрување и проширување на бизнис-зоните и на деловниот простор, изградба и подобрување на локалната патна инфраструктура, подобрување на локалниот систем за канализација и смет, подобрување на локалните комуникациски системи, подобрување на системите за снабдуавње со електрична енергија и вода, проекти за зачувување на животната средина, почнување на кампањи преку локалните медиуми за поддршка на локалните бизниси (промовирање на купување на локални домашни производи); *инвестирање во „невидливата“ инфрастуктура*: стручна обука (со цел усогласување помеѓу потребите на работодавците и постојната квалификуваност на работната сила), поддршка на образованието кое е ориентирано кон бизнисот, обезбедување на посебни делови од органите на локалната власт за совети за бизнисот, обезбедување на полесен пристап до финансии, поддршка на развојот на бизнис организациите, поддршка на формални/неформални мрежи на бизнис.

Воведување на ***моделот на јавно-приватно партнерство*** во планирањето, изработката, финансирањето и управувањето со проекти со кои се задоволуваат јавните потреби, како метод на финасирање и реализација на проекти

од јавниот сектор со поделба на ризикот, инвестицијата, одговорноста и наградата помеѓу јавниот (локалната самоуправа) и приватниот партнер, и тоа во инфраструктурата (патишта, водоводи, јавниот превоз, детската и заштитата на стари лица, итн.), управувањето со отпадот (неговото изнесување, собирање, рециклирање и депонирање, како и производство на енергија од отпадот) и во изградбата на недвижнини со кои се задоволуваат некои јавни потреби (образовни, културни, здравтсвени, спортски и рекреативни објекти).

Овој модел ќе го искористиме само во случаи кога: проектот бара стручност или финансиски ресурси, а со кои локалната самоуправа не располага; приватниот партнер ќе го зголеми квалитетот на услугата; приватниот партнер побрзо ќе го спроведе проектот; постои поддршка од крајните корисници; постои пазарна конкуренција помеѓу приватниот сектор; не постојат законски пречки за вклучување на приватен партнер; проектот претставува можност за економски развој на локалното подрачје; проектот дава можност за иновативни решенија.

Развивање на силен ***партнерски однос помеѓу приватниот и јавниот сектор***, со цел создавење на позитивна работна клима во која стопанствениците ќе го препознаат својот интерес да живеат и работат во општините. Партнерскиот однос, за успешен локален развој, има приоритетно значење и во односите со волонтерскиот сектор на локалната зедница.

***Учеството на организациите на граѓанското општество*** (локални сојузи, занаетчиски еснафи, неформални граѓански мрежи, младински организации, женски организации и слични невладини организации) во јавните локални политички дебати или во давањето на јавни услуги и придонес во управувањето со јавните добра, е еден од клучните фактори кој е потребно да биде вклучен во креирањето на политиките за развој како одговор на потребите на локалната заедница. Но партнерските релации не застануваат овде, НСДП силно ќе го промовира партнерството и со надворешни субејкти, односно развивањето на соработка со други општини, владини институции и меѓународни владини и невладини организаци. Ваквото проширување на перспективите на општините, ќе овозможи да учат едни од други, да идентификуваат најуспешни адмнистративни практики, да идентификуваат, создаваат и имплементираат заеднички проекти кои можат да произведат заеднички бенефции, но исто така, проширената и продлабочена соработка може да доведе до развивање на нови формални и неформални механизми во пристапот на решавањето, не само на локалните, туку и на регионалните и национални проблеми на граѓаните.

Искористување на географската позиција на општините, брза и ефикасна локална администрација и достапност на иформациите, развивање и усогласување на инфраструктурата и образованието со потребите на инвеститорите и на тој начин создавање на економски амбиент во локалните заедницаи за ***привлекување на инвестиции***.

***Користење на природните ресурси, јакнење на постојните и развивање на нови туристички капацитети*** и преку општествени активности промовирање на локалната заедница. Богатството на културно и историско наследство, природните ресурси и пејсажи, се важно средство за потенцијалот на

идниот економско-општествен развој. Локалната самоуправа е таа која треба да им помогне на граѓаните да ги ослободат овие потенцијали со:

- *основање на локална туристичка канцеларија* со јасен план за развој и промоција;
- *евиденција на постојните туристички ресурси* на општината;
- спроведување *посебна програма за едукација и промоција* насочена кон локалното население;
- *развој на селскиот туризам*.

Можностите за економски успеси на општините ги гледаме и преку избирање (именување) на ***агенти за локален развој.*** Овој модел е фокусиран на општините каде способноста да се делува и да се биде успешен е спречена со тоа што нема доволно партнери, персонал и финансиски средства за развивање и реализирање на проекти. Обврските на овие агенти за локален економски развој би ги опфаќале следниве задачи: стратегиски развој; раководење со проекти; развој на заедницата; собирање на средства за проекти битни за општеството; промовирање на претприемништвото; давање на информации за можностите за влез во претприемништвото и за поттикнувачките мерки кои можат да се користат; давање совети и консултантски услуги за водење бизниси; помош во подготовката и изработката на бизнис-планови, претприемнички проекти и елаборати за кредити; маркетинг и истражување на пазарот; организирање на семинари и други облици на дополнително образование на претприемачите; обезбедување на интер-институционална локална и меѓународна соработка, и други задачи кои би произлегувале од развојните перспективи на локалната заедница.

Во борбата за справување со корупцијата, а во контекст на подобрување на бизнис-климата и поттикнувањето на економскиот развој во локалната заедница, НСДП ќе промоовира ***формирање на локален Совет за антикорупција,*** кој ќе даде придонес во успешното справување со корупцијата во општината, со посредство на политичка волја и одлучност, политичка ангажираност и одговорност кон граѓаните. Овој Совет би бил резултат на перцепцијата на борбата против корупцијата како основна компонента на демократските процеси во општините, модернизацијата на локалната самоуправа, воспоставувањето на фер услови на пазарот и заштитата на правата и слободите на граѓаните. Обврската на овој Совет ќе биде креирање и спроведување на антикорупциска програма преку утврдување на постојните и потенцијални извори на корупција, како и преземање на превентивни мерки преку едукација на вработените во локалната самоуправа и јавноста.

***Соединување на локалните финансиски и друг тип на ресурс****и* (јавни, приватни, индивидуални) околу заедничките интереси, градејќи потенцијал за одржлив бизнис, подобрување на општествениот капитал и доброто владеење.

# РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Руралните подрачја во Македонија, главно, се карактеризираат со поими кои имаат негативна конотација: ниско развиено земјоделство, технолошка неразвиеност, многу работа и вложување, а недоволно и малку профит, што се должи на: изолираност (отежнат пристап до природните ресурси кои нудат економски пробив и развој); неадекватна инфраструктура (отежнат пристап до информациите, знаењето, капиталот, комуниланите услуги, здравствената заштита и сл.); одалеченост од пазарот и центрите на моќ т.е. местата на донесување на одлуки се надвор од руралните области); нарушениот човечки капитал со исчезнување на најпродуктивниот дел од популацијата и стареењето на популацијата. Ние, ќе ја вложиме сета креативна, творечка и политичка енергија во општините за да ги надминеме овие негативни состојби со руралните подрачија и да ги доведеме во состојба на рамномерно развиени подрачја во кои населението од овие простор, со своите општествени и стопански активности, ќе придонесува за севкупниот развој на општинита. Квалитетот на животот мораме да го подобриме, а руралните подрачија да ги направиме привлечни за младите, претприемниците и образованите луѓе, создавајќи можности за задоволување на сите современи поединечни и групни потреби.

***Во нашиот развоен концепт за руралните подрачја ги вклучуваме и тргнуваме од следниве приоритети:***

- *Јакнење на вештините и знаењето на локалното население во употребата на демократските инструменти во општините,* како би ја преземале иницијативата при креирањето и донесувањето на одлуките битни за просперитетот и иднината на руралните области.
- Создавање на општински ЦИП - ***Центар за размена на информаци и поддршка*** *за воспоставување дијалог помеѓу локалното население, претприемниците, бизнис-заедницата, инвеститорите, невладините организации, асоцијациите на граѓани и локални земјоделски здруженија, локалната и националната администрација, локалните образовни институции,* со цел подобро креирањето на политиките за рурален развој.
- *Потикнување на претпримеништвото и диверзификацијата (промената и проширувањето) на економските активности* од урбаните центри кон руралните средини во општините (стимулации и инфраструктурна помош за изградба на мали производствени погони и фарми). Со диверзификацијата (промената и проширувањето) на економската структура би се оствариле и стабилизација и заживување на социјалната структура во руралните области.
- *Активно учество на локалната власт во мерките за поттикнување на развојот на земјоделството и сточарството,* (како што се: воведување на најнови методи во одгледувањето, репродукцијата и селекцијата на животните; висока ефективност во производството и преработката на мле-

кото; стандардизација на постапките на производство на локални автохтони производи и на производи со регионални обележја; високи санитарано-хигиенски услови и стандарди за производство и обработка на отпадните материи; примена на биотехнологија и биотехнолошки постапки во производството на прехранбените полупроизводи и производи и давање помош во нивната локална имплементација; воведување на современи системи во контролата на суровините, процесите и производите; воспоставување на дистрибутивни мрежи - современ транспорт, специ- јализирана продажба за потребите на туризмот, супермаркетите) со олеснување и забрзување на постапките кои се во надлежност на локалната самоуправа.

- *Искористување на европските фондови за рурален развој* (ИПАРД програмата) за реализација на одрживи и ефикасни проекти од областа на постигнување на високи санитарно-хигиенски услови и стандарди во производството на прехранбени производи, воведување на стандарди за заштита на животната средина, инвестиции во примарното земјоделско производство и подобрување на маркетингот. Исто така, со квалитетни локални проекти ќе се искористат средствата и од другите меѓународни донатори присутни во Република Македонија.
- *Промовирање и создавање на можности* за комуникација, проток на информации, знаење, идеи и технологија  со светот.
- *Организирање на локални манифестации* за промоција на локалните земјоделски производи и туристички знаменитости.
- *Поттикнување на активностите кои додаваат вредност на производите и услугите во руралните средни* (органско производство, производство на автохтони производи со географско потекло и еколошка препознатливост).
- *Двање бесплатни правни совети на земјоделците* (совети од областа на имотно-правните работи, односно проблемите со кои најчесто се судруваат земјоделците – катастар, земјоделски парцели, наследен имот итн.
- *Одржив рурален развој,* втемелен на зачувување на животната средина.
- *Прогласување на еколошки незагадени региони*, кои ќе претставуваат база за органско и еколошко земјоделско производство.
- *Развој на селскиот туризам* преку промовирање на одредени туристички локации во селските региони од страна на локалната власт.
- *Квалитетна електрификација и водоснабдување* на селските средини и нивно поврзување со локалната патна мрежа.
- Поддржување на *иновативноста* – нов пристап во реализацијата на проектите (традицијата е темел на одрживиот рурален развој, но иновациите се нужни за традиционалните вредности да бидат претставени на нов и пазарно конкурантен начин).

# УРБАНИЗАМ

Во пристапот кон **урабанистичката политика и планирање** во општините, НСДП ќе ги промовира европските стандарди и принципи утврдени во Европската градска повелба, Европската декларација за правата на граѓаните во градовите и Европската урбанистичка повелба, со цел подобрување на условите за живеење во општините.

***Ќе се погрижиме за***:

- Согледување на урбаното уназадување преку воспоставување на *стратешки начин на размислување за унапредување и контрола на градскиот амбиент.*
- *Надминување на противречностите, антагонизмите и интересите во урбанизацијата.*
- Вградување на *еколошки компоненти во урбанистичкото планирање* (критериуми и стандарди за заштита од бучавата, за заштита на воздухот, земјиштето и водите од загадување, заштита на зелените површини).
- Остварување на *контакти помеѓу локалните власти и локалните здруженија, бизнис-асоцијациите и граѓаните* во различните фази на процесот на обликување на градскиот простор.
- Утврдување на *правни прописи за урбано-архитектонско наследство*, со посебно внимание на негувањето на старите градителски занаети и интегрираност на урбаното наследство во современите форми на живот.
- *Реставрација на историското и архитектонско наследство.*
- Постигнување на *квалитетно архитектонско творештво и рамнотежа помеѓу станбените и деловните зони на градовите*, како и одржување на резиденцијалниот карактер.
- *Урбанизација на сите приградски населби.*
- Планирање на *урбаниот простор* (плоштади, трговски центри, пазари, станбени површини и други јавни површини), за тој да биде достапен за хендикепираните лица, вклучувајќи го и јавниот транспорт.
- *Достапност на спортот и рекрацијата за сите граѓани,* независно од староста, доходот и другите статусни категории, за што општините ќе развијат широка понуда на објекти и инсталации за спорт и рекреација.
- *Унапредуавње на објектите и инсталациите на здравството* на ниво

кое на жителите ќе им обезбеди физичко и психичко здравје.

- *Остварување на мобилност и слобода на движење низ урбаните простори* преку реконструкција на постојни и асфалтирање и пробивање на нови улици, решавање на проблемот на недостаток на паркинг простор (изградба на катни и подземни гаражи), подобрување на вертикалната и хоризонтална сообраќајна сигнализација, организаирање на јавен градски превоз (онаму каде не постои) и подобрување на такси превозот.

# КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

**Комуналните дејности** мора да се прилагодат на потребите и барањата на граѓаните, со цел нивно квалитетно и навремено задоволување. Поради тоа ние нудиме:

- *Решавање на проблемите со атмосферската и фекалната канализација* во сите населени места, преку нивна реконструкција, проширување и приклучување на прочистителни станици.
- *Решавање на проблемите со водоснабдувањето на сите населени места* (преку реконструкција на старите и изградба на нови водоводи), и обезбедување на континуиран пристап до чиста и здрава вода за пиење на целото население во општините.
- *Реконструкција на уништената патна инфраструктура во градот и нејзино прошируавње до сите населени места во општината*, односно нејзино проширување од урбаните центри кон руралните средини.
- *Подобрување на квалитетот на јавното осветлување* со зголемување на бројот на јавните светла во наслените места.
- *Зголемување на бројот на пешачки зони* и нивно современо уредување во урбаните центри.
- *Одржување на постојните и изградба на нови јавни хортикултурни и зелени површи* (паркови).

# ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

*Одржливо користење на природните ресурси, заштита од загадување и зачувување на животната средина*, се дел од водечките принципи на НСДП во креирањето и реализирањето на локалните развојни програми, бидејќи не можеме да зборуваме за современи и развиени општини без да обрнеме внимание на квалитетот на животната средина. Многу е важно да сфатиме дека односот кон животната средина е однос кон цивилизацијата на која припаѓаме, а со демонстрирање на спремност да делуваме во таа насока за локалната зедница ќе отвориме перспективи за нејзин сеопфатен и хармоничен развој и за нејзино препознавање како сериозен партнер во привлекувањето на капитал за квалитетни проекти.

Акцентот ќе го ставиме во подготвување на ***Локална акциона програма за животна средина*** во општините, со цел воспоставување на процес кој ќе доведе до конретни инвестиции во животната средина. Со овие акциони програми ќе се изврши поставување на локалните еколошки приоритети и селекција на најсоодветните еколошки дејства за нивно реализирање.

***Нашите приоритети и цели се:***

- *одржливо искористување на природните ресурси*;
- *зголемување на зелените површини* во урбаните центри;
- *дефинирање на општинските извори на загадување*;
- воведуавње на *локална експертиза за управување со животната средина и модели за проценка на ризиците по животната средина*;
- *планирање на користењето на расположивите локални ресурси и анализа на развојните ресурсни потенцијали*;
- *заштита на необновливите природни ресурси и намалување на зависноста од нив како извори на енергија*, со посебна заштита на водните ресурси;
- прогласување на *еколошки неазагадени региони во општините*, кои ќе бидат база за еколошко-органско производство;
- *подобрување на односите помеѓу органите на локалната самоуправа и индустријата во решавањето на проблемите на загадувањето*;
- *спроведување на еколошки акции* (собирање на отпад, пошумување и сл.) во кои ќе се вклучат волонтери од граѓански групи, земјоделци, фармери, наставници, ученици, општински функционери, невладини организации и претставници од приватниот сектор;
- воведување на систем за *континуиран мониторинг на квалитетот на воздухот, водата и почвата*;

- во општините каде што не постојат прочистителни станици, покренување *иницијатива за изградба на прочистителни станици за отпадни води;*
- развивање *стратегии за управување со отпад*, негово изнесување и депонирање;
- *подобрување на системот за собирање и транспорт на урбаниот отпад*, со *промовирање на селективното собирање на органскиот отпад*;
- *воведување на систем на сепарација на секундарните суровини од цврстиот отпад*, како што е пластиката, хартијата, стаклото и алуминиумот, и нивно понатамошно пласирање на обработка (рециклирање);
- *промена на односот на граѓаните и подигнување на свеста спрема отпадот, животната средина и нивната сопствена улога* во процесот на унапредување на овие делови од животот, со информирање и едукација за проблематичноста и сложеноста на процесите за елиминирање на изворите на загадување;
- *подигање на свеста на локалната самоуправа, невладиниот сектор и комуналните претпријатија* за нивната одговорност во преземањето на иницијативи за заштита на животната средина;
- *промовирање на стандардот ISO 14000* (стандарди за воведување еколошки менаџмент во развојните стратегии на претпријатијата), како дел од заштитата на животната средина;
- промовирање на *меѓуопштинска соработка и прекугранична меѓуопштинска соработка во заштитата на животната средина.*

# ОБРАЗОВАНИЕ

**Образованието** во општините треба да биде прилагодено на локалното стопанство, новата економија и ерата заснована на знаење, информации, креативност и претприемништво.

НСДП ќе се ангажира да ги мотивира сите релевантни фактори на локалната заедница (семејството, поединци, фирми, школи итн.), како меѓусебни партнери во креирањето на образовен процес во функција на унапредување на локалната заедница.

Нашата визија за подобрување на квалитетот на образованието во општините почнува преку ***воведување на различни програми засновани на индивидуален пристап***, како што е работењето со талентирани деца, изучување на странски јазик од најрана возраст, дополнителна обука на стручниот персонал во образовните институции, превенција од зависност од дрога преку наставната програма и дополнителни училишни активности.

Во насока на подобрувањето на квалитетот на образовнието во општините, НСДП ќе се залага ***општините  да ги наградуваат најдобрите ученици и студенти*** со стипендии и разни видови едукативни обуки.

НСДП во локалната самоуправа ќе се ангажира за ***иницирање и спроведување на образование за возрасни (неформално образоавние),*** кое ќе овозможи преку кратки курсеви и обуки на невработените лица, кои се без никакви квалификации, да се здобијат со одредени вештини, способности и занимања.

Формирање на **локални фондови за бенефиции за деца и млади** (ученици и студенти) кои потекнуваат од социјално загрозени семејства.

Обезбедување на ***средства***(со формирање на *локален фонд за бенефиции за деца и млади*) ***за стипендирање***, како и ***за субвенционирање на трошоците за превоз и учебници*** за децата од социјално загрозените категори на население, со што би добиле шанса за развој и животен успех.

***Нашиот концепт за образованието во општините ги има следниве карактеристики***:

- обезбедување *образовна рамноправност* за сите граѓани на општините, независно од нивната возраст, пол, религиозна определба, етничка припадност, здравствена состојба, социјална и финансиска положба;
- развивање и зајакнување на можностите за *доживотно учење* за секое лица од различна возраст, со различно искуство и потреби;
- можност *за родителите да се вклучат во процесот на учење на своите деца* и во животот на училиштата;
- *најефикасна употреба на сите општински образовни извори и ресурси*;

- *координација и соработка помеѓу сите фактори и институции*: образовни, економски, општествени, спортски и културни и нивно свртување кон членовите на заедницата;
- *партнерски однос помеѓу претпријатијата (бизнис-заедницата) и училиштата* во креирањето на образовна клима.

# КУЛТУРА

Во **локалните културни политики** ги промовираме принципите на: *достапност* (остварување на сите права на граѓаните и настојување публиката да се издигне во креативен субјект на културното и уметничко создавање), *разновидност* (негување на различните културни идентитети во општините) *отвореност* и *комуникација* (културна размена со другите општини и светот).

***Обезбедувањето услови за граѓаните да партиципираат во јадрото на културниот живот на општините,*** односно можноста луѓето да ја реализираат креативната моќ на нивната мисла е една од нашите централни задачи во пристапот кон културниот развој на општината. Но ние, ќе посветиме посебно внимание на спроведување на посебни културни програми прилагодени на потребите на социјалните групи со посебни потреби (стари лица, хендикепирани, малцински групи), како и на програми кои помагаат во уметничката и културната едукација на сиромашните.

***Во креирањето на локалните културни политики и проекти ќе настојуваме да оствариме:***

- *Поттикнување на културната продукција* преку зајакнување на финансиските ресурси на локалните културни установи - центрите за култура, јавните библиотеки, музеите, театрите, градските хорови и оркестри - со финансиски извори од локалниот буџет и вонбуџетски извори (спроведување на посебни програми за обука на културните установи да ги користат меѓународните фондови за поддршка на културниот развој, како што е УНЕСКО и други меѓународни фондаци кои финансираат културни проекти).
- *Стимулирање на современа уметничка продукција* (нови медиуми, дигитална уметност, авторски перформанси, хепенинзи) и аматеризмот кој е во функција на колективното сеќавање (фолклорни групи, групи за негување на традиционална музика, уметнички работилници на стари занаети итн.).
- *Заштита и промоција на локалното културно наследство, традиција и обичаи* (локалниот културен идентитет) на европската и светската културна сцена.
- Формирање *локални совети за култура*, во кои ќе бидат собрани сите што културно и уметнички творат (книжевници, музички и ликовни уметници) во општината, а со задача да се грижат и да даваат препораки и насоки за културниот развој на локалната заедница.
- *Почитување на строгите критериуми на стручност и компетентност* при изборот и именувањето на раководни лица во културните установи.

- *Едукација на вработените во културните установи, развивање на човечките ресурси и вработување на млади менаџери во културата.*
- *Простор за културните малцинства да ја зачувуваат, развиваат и изразуваат својата културна посебност*, со загарантирано право на еднаков пристап и активна партиципација во културниот живот.
- Подготовка на стратешки оперативен, маркетинг и финансиски план за *културен туризам*.
- Посебен акцент на културното творештво на младите со формирање *локални младински културни центри,* во чиј склоп ќе функционираат интернет кафеа, простор за изложби, простор за театарски претстави, филмски проекции, концерти, литературни читања и други културни случувања.

# СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И УСЛУГИ

Развиеноста на системите за социјална заштита и пружање на социјални услуги има стратешко значење за идниот развој на локалната заедница и претставува битен фактор кој ја покажува одговорноста на локалната власт кон потребите на граѓаните и унапредувањето на условите на живот во општината.

Изградената политичка чуствителност за социјалните димензии на проблемите и преференции на граѓаните, за исклучените, сиромашните и маргинализираните групи во локалните средини, нè обврзува да се мобилизираме во барањето на квалитетни одговори и решенија на социјалните проблеми и потреби во општните, и затоа нудиме:

- Изработка на ***Генерален рамковен социјален акционен план,*** со кој ќе се извши идентификација и анализа на потребите на социјално најзагрозените делови од населението во општината и нивно рангирање по важнст, со преглед на постојните ресурси за задоволување на тие потреби и предлог-програма за подобрување на локалниот систем на социјални услуги за нивно задоволување. За реализација би се аплицирало и до меѓународни донаторски организации и европските претпристапни фондови.

- ***Партнерска работа на институциите и органите*** од значење за решавање на социјалните прашања преку развој на капацитетите, подигнување на нивото на стручност, професионализација и, посебо, воспоставување на дијалог помеѓу ресорните национални институции, локалните органи и невладините организации, со што би се воспоставил локален општински систем на социјална заштита способен квалитетно и правовремено да одговори на потребите на граѓаните.

- ***Развивање на соработка и размена на искуства помеѓу градовите и општините*** во остварувањето на социјалните програми, вклучувајќи го ширењето на позитивни искуства и практики, и размена на искуства со претставници на локални власти од европските земји во развојот и остварувањето на локални мерки на социјалната политика.

- Општа ***Програма за социјална поддршка*** насочена кон ранливите групи и оние поединци кои се соочуваат со сериозни економски и општествени потешкотии,  како што се болните стари лица, лица со физички или ментален хендикеп, бездомниците без никакви приходи или социјална сигурност, невработените, оние без соодветни квалификации, алкохоличарите, наркоманите, жртвите на насилство, деликвентите.

- Посебна ***Програма за поддршка на семејството***, со која би се вос-

поставил широк систем на семејни надоместоци и социјални услуги со цел да се олесни неговото функционирање и да се делува превентивно во појавата на потенцијални проблеми(брачни советувалишта). Во вој дел посебен фокус ќе се даде на *социјалната поддршка на децата*, со цел подобрување на квалитетот на нивниот живот, преку обезбедување на услуги за превенција од насилство, деликвентност, социјална исклученост и асоцијално однесување, за превенција и третман на злоупотреби и занемарување на детето, психолошка поддршка за малолетните сторители на кривични дела, како и едукација на родителите и информирање на децата за нивните права.

- ***Подобрување на квалитетот на животот на старите лица*** со воведување на широк општински систем на социјални услуги за овој растечки дел од популацијата. За овие луѓе ги поставуваме следниве приоритети: организаирање на сервиси за готвење, чистење, перење алишта, медицинска нега и одржување на лична нега за старите лица со ограничена подвижност; услужни центри во кои ќе им се обезбедува храна, хигиена, физиотерапија, како и рекреација и дружење; обезбедување на болничка или институционална нега за оние стари луѓе кои поради старост или болест имаат ограничена индивидуална мобилност и со тоа не можат нормално да живеат во својот дом; формирање мобилни тимови за помош на тешко подвижните или неподвижните; еднократна финасиска помош за материјално загрозените стари лица за купување на неопходните лекови; промовирање на вонинституционална грижа и заштита за старите лица.
- ***Подобрување на квалитетот на животот на лицата со инвалидитет (физички и ментален)*** со адекватна финансиска и материјална помош од општината за транспортни услуги, домаќинствата каде живеат, прилагодување на куќите каде живеат, архитектонско прилагодување на пристапите до објектите од јавен интерес, опрема за инвалиди, дополнителни трошоци за специфична исхрана, посебни програми за едукација, основање на дневни центри за престој со цел анимација на ментално недоволно развиените деца и млади, како и за формирање мобилни тимови за помош на наподвижните и тешко подвижните инвалидни лица.
- ***Олеснувања на домувањето*** на социјално најзагрозените семејства во општините преку финансиски субвенции за покривање на дел од сметките за електрична енергија, централно греење, водоснабдување, канализација и отстранување на смет.

## ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И УСЛУГИ

Активностите на Нова социјалдемократска партија во областа на **здравството** се базирани на сознанието дека здравјето има посебна вредност за поединецот и заедницата во целост и претставува предуслов за успешен економски и социјален развој на општините. Уверени во исправноста на ова сознание истапуваме со следниве предлози:

- Подготвување на ***посебни здравствени стратегии***, согласно здравствената состојба на населението, зачестеноста и типот на болестите распространети кај населението во општината (главни цели би биле: подобро здравје за сите; слободен пристап; одговорно и адекватно здравствено згрижување; врвна функционалност).
- Обезбедување средства од општинскиот буџет за ***реконструкција, инвестициско одржување и дијагностичко опремување*** на здравствените центри во општината.
- ***Проширување на примарната здравствена заштита*** од урбаните центри кон руралните населени места (соодветно опремување на простории во селата за лекарски прегледи на населението).
- Спроведување ***програми за едукација, стручно усовршување и специјализација на здравствениот кадар*** од локалните медицински центри.
- Спроведување ***превентивни програми за едуцирање и подигање на свеста на населението*** за зачувување и унапредување на нивното здравје.
- Организирање на ***бесплатни годишни прегледи на населението***, од страна на општината, со цел превенција и здравствена заштита на локалното население.

# МЛАДИ И НЕВЛАДИН СЕКТОР

Перспективите на **младите во општините** ќе добијат политичко внимание преку нивно мотивирање да учествуваат во развојот на заедницата преку воспоставување на механизми за комуникација и активна позиција во локалната управа, овозможувајќи им да партиципираат во донесувањето на одлуките и креирањето на стратегии за прашања од висок интерес за општината.

Во агендите на локалната самоуправа ќе вклучиме посебни ***програми за рано инвестирање во иднивидуалниот развој, здравјето и благосостојбата, социјалните вештини и таленти на младите***, давајќи им силна потпора на нивниот пат кон осамостојувањето од родителите и преземањето на одговорностите. Нема да го изоставиме и воведувањето на механизми за заштита од последиците на сиромаштијата  и драстично изразените социјални разлики, како и воведувањето на посебни програми за развој на условите за живот на младите во руралните средини. Ќе излеземе во пресрет и на автентичниот, слободен и различен културен израз на младите. Тие мораат да бидат самоуверени и способни да го обликуваат сопствениот живот во согласност со своите идеи и амбиции.

Во поддршката на **локалниот невладин сектор** ќе спроведеме ***проектно локално буџетирање*** како финасиска поддршка за реализација на проектни идеи кои се во согласност со постигнувањето на стратешките цели и интереси на општината. Почитувајќи ја транспарентноста и јавноста на постапките за доделување средства од локалниот буџет со вклучување и учество на самите невладини организации во оценките на проектите.

На невладините организации ќе им овозможиме преку сопствени претставници да бидат вклучени во работата на советите и достапност до релевантни информации поврзани со работата на органите на локалната самоуправа.

## СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

**Телесната и физичката култура** ја гледаме како итнегрален дел на општата култура и важен сегмент за правилниот психофизички развој и здравје на луѓето. Затоа ќе понудиме сопствена ***стратегија за развој на телесната/физичка култура*** во општините, афирмирајќи ги нејзините здравствените, социјални и воспитни вредности, бидејќи е немерлив придонесот на физичката активност во создавањето на работни навики, борбата против отуѓувањето на младите, болестите на зависноста и други негативни појави, при што, спортските достигнувања се и еден од најдобрите промотори на општините. Затоа од НСДП во општините ќе произлезат ***иницијативи и предлози за омасовување на спортот*** со:

- ***Инфраструктурна и финасиска помош*** од локалната самоуправа за јакнење на капацитетите на постојните и анимирање на нови спортски клубови и друштва, како и за индивидуалните спортови, со изградба и опремување на спортските објекти и терени и финансиски награди за најдобрите спортисти и клубови.
- ***Развој на натпреварувачкиот спорт*** со подигнуавње на квалитетот на стручната работа со младите категории во спортските клубови, посветување повеќе внимание на работата со женската популација и работење на развојот на спортот во руралните средини.
- ***Развој на спортот во основните и средните училишта*** со воведување на меѓуучилишни натпревари и доделување на награди и признанија за најуспешните школски екипи, ученици и професори.
- ***Прогама за предучилишно физичко образование,*** која би содржела активности на децата во сала, на базен и на отворено, како и воведување на играта како физичка активност во предучилишните установи.
- ***Развој на спортот и спортската рекреација за лицата со посебни потреби.*** На овој начин, покрај телесната и ментална рехабилитација на хендикепираните личности и учество во специјални спортски натпревари, се обезбедува и интеграција на тие личности во локалната заедница. Со добро осмислена програма, лицата со различен инвалидитет би имале можност за секојдневно занимавање со физички активности низ различни спортски дисциплини, спортски натпревари и манифестации. Иградбата на терени за рализација на овие специфични спортски активнсоти ќе добие висок приоритет.
- ***Развој на рекреативниот спорт (спорт за сите)*** преку спроведување на масовни акции за пешачење, планинарење, организирани излети, возење велосипеди, улични трки, улична кошарка, мал фудбал и атлетика. Секако, и преку изградба на наменски објекти за рекреација: сали, рекреативни зони за масовно спортување, фитнес центри и отворени спортски терени.